УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ГОДИНА 5 БРОЈ 5

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

ISSN 1857-7296

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2018

**ГОДИНА 5** **БРОЈ 5**

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**
**МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА**

**За издавачот:**
проф. д-р Блажо Боев,
проф. м-р Антонијо Китановски

**Главен и одговорен уредник:**
проф. м-р Антонијо Китановски

**Одговорни уредници и редакциски одбор:**
проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска
проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска
проф. м-р Горанчо Ангелов
проф. д-р Владимир Јаневски
проф. д-р Илчо Јованов

**Јазично уредување:**
Лилјана Јовановска

**Техничко уредување:**
Славе Димитров
Благој Михов

**Редакција и администрација:**
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип
Музичка академија
бул „Крсте Мисирков" 10-А
п.фах 201, 2000 Штип, Македонија

## С О Д Р Ж И Н А

**Стефанија ЛЕШКОВА-ЗЕЛЕНКОВСКА, Валентина ВЕЛКОВСКА-ТРАЈАНОВСКА**
ИСТОРИЈАТОТ И РАЗВОЈНИОТ ПАТ НА ГУДАЧКИТЕ ИНСТРУМЕНТИ:
ВИОЛОНЧЕЛО И КОНТРАБАС (2) ........................................................ 5

**Тихомир ЈОВИЌ**
ПОЛИФОНИЈАТА ВО КОМПОЗИЦИЈАТА ДОЈДОВМЕ ЗА МЕШАН ХОР
ОД ТОМИСЛАВ ЗОГРАФСКИ ........................................................ 11

**Гоце ГАВРИЛОВСКИ**
УПОТРЕБА НА ФОЛКЛОРНИТЕ ЕЛЕМЕНТИ И
УМЕТНИЧКАТА ТРАНСПОЗИЦИЈА НА ФОЛКЛОРОТ ВО ВТОРИОТ
СТАВ „ЛАМЕНТОЗО“ ОД СИМФОНИЈАТА БРОЈ 5, НА
КОМПОЗИТОРОТ ТОМА ПРОШЕВ ........................................................ 17

**Ивана ЈАНКОВ**
ДРАМАТУРГИЈА И НЕЈЗИНИОТ РАЗВОЈ НИЗ ОСОБЕНОСТИТЕ
НА МУЗИЧКИТЕИ ВОНМУЗИЧКИТЕ ИЗРАЗНИ СРЕДСТВА ВО
КОМПОЗИЦИЈАТА „МАКЕДОНСКО ОРО“ ЗА МЕШАН ХОР ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТОДОР СКАЛОВСКИ........................................................ 27

**Зоран НАСТОВ**
АСПЕКТИ НА ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА ПРВИОТ СТАВ
ОД СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД
КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ ........................................................ 33

**Александар ТРАЈКОВСКИ**
ПАВЛИНА АПОСТОЛОВА - ИНТЕРПРЕТАТОР НА 40 УЛОГИ НА
МАКЕДОНСКАТА ОПЕРСКА СЦЕНА ........................................................ 39

**Дуња ИВАНОВА**
КОНТЕКСТОТ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ ........................ 47

**Милица ШКАРИЌ и Елена ЕФРЕМОВА**
МУЗИЧКА ПИЈАНО ТЕРАПИЈА: СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ СО ПОЧЕТНИК
ПО ПИЈАНО НА 9 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ ........................................................ 53

**Бисера ИВАНОВА**
ФОРМА, ОРНАМЕНТИКА, АРТИКУЛАЦИЈА И ДИНАМИКА КАЈ
ИЗБРАНИ СОНАТИ ОД ДОМЕНИКО ЧИМАРОЗА ........................................................ 61

**Петре ШТЕРЈОВ**
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРКЕСТАР БР. 2 ОП. 21 ВО ЕФ-МОЛ
ОД ФРЕДЕРИК ШОПЕН ........................................................ 65

**Петар ТРБОЈЕВИЌ**
МУЗИКАТА НА ФИЛИП ГЛАС, МИНИМАЛИЗМОТ И ТИРОЛСКИОТ
КОНЦЕРТ ЗА ПИЈАНО И ОРЕКЕСТАР ........................................................ 71

**Ивана МИЛОШЕВИЌ**
ВЛИЈАНИЕТО НА ПЕЕЊЕТО ВО ХОР ВРЗ КОГНИТИВНОТО И
ЕМОЦИОНАЛНОТО СПОЗНАВАЊЕ НА ДЕЦАТА ........................................................ 75

**Лидија ЈОРДАНОВА**
УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТЕОРИИТЕ НА
ПРОФЕСИОНАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА ........ 81

**Горанчо АНГЕЛОВ**
ФАРИЗ ХАЈРУЛА – ЗУРЛАЏИЈА И ИЗРАБОТУВАЧ НА „КАБА“
ЗУРЛИ ВО Р. МАКЕДОНИЈА ........ 91

**Владимир ЈАНЕВСКИ**
МАШКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО МАКЕДОНСКАТА ЕТНОКОРЕОЛОШКА
КЛАСИФИКАЦИЈА ........ 103

**Стојанче КОСТОВ**
КРАТОК ОСВРТ НА ОРСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО ЕТНИЧКИОТ
ПРЕДЕЛ РАДОВИШКО ПОЛЕ ........ 109

**Христијан НИКОЛОВСКИ**
ИСТОРИСКИ АСПЕКТИ НА КИНЕТОГРАФИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА ........ 115

**Силвестер ПРОЛЕ**
ЕТНОКОРЕОЛОШКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАТА ВО
РАДОВИШКОТО СЕЛО ГАБРЕВЦИ ........ 121

**Љупка СТЕФАНОВСКА**
47 ГОДИНИ РЕПУБЛИЧКИ ФЕСТИВАЛ НА НАРОДНИ ИГРИ И
ПЕСНИ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ – БИТОЛА (1971 – 2018) ........ 125

**Горан ВАСИЛЕСКИ**
ИВАНДЕНСКИТЕ ЖЕНСКИ ОБРЕДНИ ПОВОРКИ ВО
ПРИЛЕПСКО-БИТОЛСКО ПОЛЕ И ЖЕЛЕЗНИК ........ 131

**Тијана ЈАНЕВСКА**
ОРОВОДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА ВО ПРЕДЕЛОТ ДУРАЧКА РЕКА ........ 139

**Бојан ПЕТКОВСКИ**
ФИЛМУВАНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБРЕДОТ ЛАЗАРКИ
ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ДОЛНИ ПОЛОГ ........ 143

**Дени СИНАДИНОВСКИ**
ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ
ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 149

**Иво СОЛДАТОВИЌ**
ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ДРАГАН ЃАКОНОВСКИ-ШПАТО ........ 155

**Мирослав МИЛКОВСКИ**
МУЗИКАТА НА ЧИК КОРЕА ........ 163

**793.31:398.332.12(497.76)**

# ВЕЛИГДЕНСКИТЕ ОБРЕДНИ ИГРИ ОД ЕТНИЧКИОТ ПРЕДЕЛ ПОРЕЧЕ И НИВНИТЕ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Дени СИНАДИНОВСКИ[1]
[1] denisinadinovski92@gmail.com

**Апстракт:** Во овој труд ќе се зборува за велигденските празнувања во етничкиот предел Порече, односно за велигденските игри кои се изведуваат на третиот ден Велигден. Ќе се споментат и авторите кои истражувале за истите и ќе се даде опис на оние игри кои содржат игроорен образец, поточно ќе се наведат нивните етнокореолошки карактеристики.

***Клучни зборови*:** обред, обичај, Велигден, обредна игра, автори, традиционална култура

## Вовед

Зборот *обред* потекнува од старословенските зборови **об** – *по* или *според* и **ред** – *ред, редослед*. Поконкретно, обред во поширока смисла би се сфатил како нешто што се одвива по одреден ред, со цел посакуваните нешта да се доведат во ред. Дефиниција за обред би била: Обредот претставува човечка активност која се одвива во точно определен период од годишниот календар, се изведува на точно определено место, според определен редослед или ред на човечките активности, со цел да се постигне соодветен ред во верувањата и желбите на човекот или да се воспостави ред во природата.

Тесно поврзана активност и поим со обредот е и *обичајот***.** Обичаите се постојан дел од секој обред, односно еден обред може да биде составен од повеќе обичаи. Обичајот за разлика од обредот може, но и не мора, да биде изведуван во точно одреден датум или време и според строго утврден ред како што тоа е случај со обредот.

Секако дека обредите и обичаите се преплетуваат и се надополнуваат еден со друг, а често пати и не може да се направи разлика меѓу нив, но нивната најголема важност е што тие се важен дел од животот на селската заедница со помош на чие изведување се постигнуваат саканите нешта (здравје, плодност на младите и стоката, бериќет на нивните полиња и сл.). Во тесна поврзаност со обредите е и изведувањето на обредната игра за која во продолжение ќе биде даден посебен осврт.

Обредната игра се среќава како важен сегмент од животот и верувањата на луѓето уште во предисториското минато. Таа претставува регулатор или средство за постигнување на одредена цел, замисла или природна појава. Основни функции на обредната игра се:

- социјалната функција – луѓето играат од најраните периоди, па сè до ден денес со цел да се расположат, да се соберат заедно, да празнуваат;
- апотропејска или заштитна функција – обредната игра има важна улога за да го ублажи стравот од натприродните појави и сили и кај архаичните народи кои немале научни објаснувања за грмотевиците, дождот и сл. или стравот од животните и природата што ги опкружува;
- магиската функција – со помош на обредната игра луѓето прават обредни активности (магиски активности, попрскувања, гатања, тропање и сл.) со помош на обредните реквизити (стапови, средства од растително и животинско потекло, вода, коски од животни и сл.) со цел да постигнат одредена желба, верување или природна појава (да обезбедат бериќет, здравје, брак, плодност или дожд за плодност на земјата, јакнење на сонцето и сл.);
- естетска функција – преку играта да ја покажат својата игроорна умешност, своите лични способности во играта, изготвувањето на носијата како важна одлика за работливоста на девојките и младите невести, личната убавина и слично и со тоа да бидат прифатени од поединци или од заедницата во која живеат.

Со време и обредите постепено се проширувале и добивале поинаква смисла и значење, бидејќи со култивизацијата на примитивизмот, тие постепено го губеле своето првобитно значење и во нив сè повеќе продирале елементи на социјалниот карактер. Поради оваа причина, кон свечените пролетни обреди, со наведената тематика, започнале да се приклучуваат и разни други песни, најчесто од битово-семеен карактер, што немале никаква

суштинска врска со самите обреди. Така, на веселбите на пролетните празници широко се пееле разновидни ороводни песни. (Пенушлиски, 2012: 88–89)

Велигден е најголем пролетен празник, (со променлива дата на одржување) што во далечното минато Македонците – христијани го славеле со повеќедневни и разновидни обичаи, игри и песни, во чии корени биле изразени некогашните претхристијански верувања за пролетното раѓање на природата и изразените пожелби на верниците за нивното добро здравје, за убав род на земјоделските посеви и приплод на стоката. Велигден почнува да се празнува на Велика Среда, а завршува по трите велигденски дена.

Велигденските обичаи, игри и песни не се еднакви во сите предели во Македонија. Некаде нивната врска со традиционалните прасловенски и римски празнични свечености на пролетта е повидлива, во други краишта религиозните христијански верувања се рефлектираат во поголема мера. Празниците немаат многу обреди, колку што е денес познато, но затоа на трите дена на Велигден се одржувале селски собори на сретсело и на кои младите играле ора и пееле песни, а постарите луѓе седеле здружени и на свој начин се веселеле.

Песните што се пеат на Велигден на ората, припаѓаат на разни поетски жанрови. Интересно е да се напомене дека во цела Западна Македонија на црковните литургии по селата на првиот ден на Велигден се пеела религиозната песна *Скрсти*, што инаку се пее и на други празници, па и во сушно време како молба за дожд. Меѓутоа, без оглед на нивната жанровска определеност, пејачите сите ороводни песни ги именувале како „велигденски“, иако некои од нив биле тематски врзани за Велигден(Пенушлиски, 2012: 112).

**1. Велигденски обредни игри**

Кога станува збор за велигденските игри од Порече, тие се посебен тип игри, карактеристични и оригинални, како по својата разновидност и содржина, така и по својата единственост, барем во рамките на регионите во кои живеат Македонците. Сосем условно и општо, според времето и масовноста на играње, овие игри се празнично-соборски, според функциите се религиозно-обредни и социјални игри, а според начинот на играње се игри со драмско-миметички дејствија.

Игрите се играле до 70-тите години од XX век, и учесници во нив биле сите старосни и општествени групи. Тие се играле на третиот ден Велигден и практично биле дел од празнични обичаи со кои се завршувало самото празнување. Нивната прва карактеристика, како соборски и масовни игри, само го отвора прашањето за нивното место и значење во свеста на Поречаните. Нивното колективно извршување како заеднички обред укажува на сфаќањето на селото како религиозна и социјално-културна заедница со чувство на групно единство. Во тој контекст, учеството на единка во „надлокалната“ црква се одвивало со посредство на нејзино учество во обредите со јавен карактер преименувани во даденото село. (Обремски, 2001: 48, Солунчев, 2004: 18) Одредницата „адети“ и нивната празнична примена јасно го истакнуваат нивниот обреден карактер и нивното место во религијата и локалниот систем на вредности. Освен со терминот „адети“, кој е општ термин, и кој ги вбројува игрите во системот на обредно религиско однесување, народот најчесто ги именува со терминот „игри“. Често за да ги издвои од другите велигденски адети и игри кои им претходат, ги одредува и со името на најубавата игра од нив со играта „маски“. (Солунчев, 2004: 18)

Верата на Поречаните во силата на магиско-религиозните дејствија, односно во игрите, била голема, но моќта сепак не им се припишувала толку на дејствијата и самата практика, туку на природата на адетот кој својата моќ на исполнување на барањата и желбите на луѓето ја должи на тоа, дека тој, „адет“, е воспоставен од Господ и предаден за заедницата во својата првобитна „света форма“.

Авторот Солунчев, во неговиот труд наведува интересен случај кога не се изведувале велигденските игри. Имено, се работи за случај кога заедницата поради смртен случај на млад човек од селото, одлучува јавните велигденски прослави, ора, игри и адети да ги изостави поради жалост. Смртниот случај се случил непосредно пред празникот, на Велик Петок и според одлуката на заедницата, на празникот Велигден не биле извршени востановените јавни обичаи. Целото село не заиграло, не запеало, но по одредено време, селската заедница преку сон добива укор и сигнал од Господ. Казната и проклетството набргу настапиле, а тогашните селани за тој настап со возбуда изговарале дека: селаните меѓу себе се тепале, паѓало многу

дожд, град и сè се запустило во таа година. Примерот, заедно со погоре изнесените особености, јасно покажува дека велигденските игри за Поречаните претставувале значајни обредно-општествени акти, со кои се постигнувал редот во митско-религискиот и општествениот живот, а преку тоа и на сè она што има најголеми вредности во животот на луѓето, успех, благосостојба, здравје, плодност на земјата и стоката, плодност на жените и секакви други успеси во личниот и семејниот живот.

**2. Етнокореолошки карактеристики**

При моите теренски истражувања во периодот од 2012-та година, освен за традиционалните ора како тема на истражување, ги опфатив и велигденските обредни игри. Со оглед на тоа дека авторката Кличкова ни дава опис на повеќе од петнаесет игри, исто како и авторот Солунчев, јас многу малку дојдов до информации за игрите. Повозрасните жени ги знаеја само по име: *Криво момче*, *Квачки, Калем број, малем број, Поведи оро Кадантодоро*, но не знаеја да ми ги опишат како се играат. Но, повеќето информатори не го оспоруваа фактот дека Велигден им бил еден од најважните и најубавите празници кои го прославувале со многу ора, игри и песни. Една информаторка од село Ковче со сеќаваше на играта Криво момче: „*...а тамо првиот ден в црква и се играше, второт ден играа пак оро се игра и така едно оро го викаа Криво момче и едно момче ќе напред ќе ојт ќе игра, и ќе поткривнует. И девојки по него вака ќе онадат. А после друго оро маски го викаат само девојки играт тука, а постари жени земет враце прачки ќе држат, а па машки вака како вас момчина ќе одат ќе грабнат то девојчината ќе завлечет онака радио реда за смеа и овие ќе го удрат по газ. Имаше една така опасна жена таа не малце, таа ко ќе го трефне то едно толицко.*“[1]

Додека пак, друга информаторка од село Лупште се сеќаваше на друштвената игра *Квачки*, па ја опиша како „*...Ќе се фатиме вака танец жените сите околу наоколу и пред секоја жена ќе си има дете седнато. И ќе врвиш сеа ти ќе речеш што вариш? Ја ќе реча штаври. Другиот што вариш? Коприи. Другио што вариш? Желка. Сите ќе си кажа шо имаа. Од животинчина. И децава си сеат вака пред на женине. А и се така ќе се редат. И после улаи ќе одат ќе викаат, срма срма срма. Децава ќе се седат клекнати кој кај се. Кој први ќе поминемо околу деца. И секој ќе си доеме на своето дете, тоа што е тука...*“[2]

Оваа игра, аврторите Кличкова и Солунчев ја опишуваат исто, но под името, **„Грнчиња“** или **„Шутариња“.** За оваа игра во Порече се вклучени децата како во улога на „грнчиња“ кои се седнати на колена и наредени во кружна форма со лицата свртени кон центар. Над секое грнче (дете) застанува по една девојка или млада невеста. Тие во оваа игра ја имаат улогата на „млади невести“ кои во своите грнчиња го приготвуваат празничниот ручек. Во средината на кругот, стои една девојка, но во постарата традиција била стара жена, која ја игра улогата на „сандаџијата“ (главатарката) – свекрвата на сите млади невести. Играта започнува со знакот што го дава сандаџијата, кога почнува да врти со марамче. Со дадениот знак, младите невести поттрчнуваат, подрипнуваат кон десно, плескаат со рацете и се движат околу грнчињата.

Кружењето на младите невести се одвива три пати, по што сандаџијата ги повикува невестите да си застанат пред нивните грничиња за да провери што тие зготвиле за празникот. По изминувањето на третиот круг, сандаџијата ги повикува пак младите невести и гледа дали јадењето било зготвено, загорело и сл. Проверката ја вршела со галење, чепкање по главата на клекнатото дете – грнче. Која невеста не го зготвила јадењето како што треба, сандаџијата во тој момент ја удирала невестата со марамчето и почнувала да ја брка во круг, сè додека невестата не си застанела на своето грнче. (Солунчев, 2004: 70–76) Имало и невести кои не биле бркани од сандаџијата, кои дале добра причина за неуспешното зготвено јадење. Откако сандаџијата ќе ги проверела сите грнчиња, таа повторно го давала вообичаениот знак за тргнување, по кој невестите поттрчнуваат, подрипнуваат кон десно, околу грнчињата, со плескање на рацете. Вртеле кругот три пати, и со тоа ја завршувале играта. (Солунчев, 2004: 70–76)

[1]Сопствени теренски истражувања, Трајкоска Ѕвезда, родена 1936 година од село Ковче

[2]Сопствени теренски истражувања, Стојаноска Савица, родена во 1936 година од село Лупште

Во меморијата на повозрасното население во Порече, оваа игра е најмногу останата, па затоа ја сметаат како една од најинтересните и најсмешните велигденски игри. Со текот на времето, името на играта го заборавaат, го заменуваат со други имиња како што наведов погоре, но не го заборавaат дејствието во истата.

Гледајќи ги етнокореолошките карактеристики на велигденските игри, може да се забележи дека немаат игроорни форми, ниту пак посебни ора кои ги изведувале. Најмногу се става акцент на забавата, на смеењето, на глумата. Во продолжение ќе набројам три игри изведувани за празникот Велигден, кои содржат некаков вид игроорни обрасци.

Играта **„Собери оро Каданторо"** е првата игра со која започнувало празнувањето на првиот ден од Велигден. Како што е познато, веднаш по ручекот почнувало да се собира собор пред црква или сред село. Собирот го започнувале помладите жени, невести и девојки, одејќи од своите маала две по две кон соборот, распоредувајќи се една по друга во полукруг или како тие го викале во „танец". Всушност тие вршеле еден вид ритуал без кој не можело да биде отворен велигденскиот собор.

Соборот го обиколуваат кроткум до три пати пеејќи. Додека пееле, биле фатени за раце, се движеле со кон десно со форма на синхронизирано движење во вид на комбиниран преплет. Првите две жени од орото се нарекувале „танчарии", а последните две „опашка". Обично танчариите биле жени кои во селото биле познати како добри игроорки и добри песнопојки. За отворање на велигденскиот собор се пеат велигденски песни, како и истоимената на самата игра „Собери оро Каданторо". (Кличкова, 1957: 165–173)

Велигденската игра **„Калем broj, малем број"** е од родот на друштвени игри која симболично ја прикажувала вечната обнова на животот. Поради тоа во оваа игра учествувале само млади жени и девојки, бидејќи тие се носители на новиот живот. (Кличкова, 1957: 30) Играта се изведувала на следниов начин. Сите девојки и млади невести од селото се ределе во парови, две по две, во долга редица. Тие биле поставени една наспроти друга странично, или во некои села, една наспроти друга свртени со лицето. Помеѓу себе фатени биле за марами, подигнати во линија на рамената, со што редицата девојки, гледано од страна, образувале некаква форма на тунел, а гледано од напред, нешто слично како капија во форма на буквата „П". Вака поставената редица можела да брои и до педесетина пара. Тие што биле фатени последни од редицата, започнувале први да се протнуваат под рацете на другите девојки. Девојките кои се протнувале под тунелот, се движеле гушнати една со друга, а останатите ја префрлувале тежината од една на друга нога, форма на низок основен потскок.

Во некои места при протнувањето, фатените девојки од редицата ги удирале по плеќите оние што поминувале под нивните раце, едноставно со спуштање на рацете во моментот кога парот ќе дојде под нив. Парот откако ќе ја изминел цела редица, застанувал повторно во истата положба, но сега од напред, па така по нив започнувале да се провлекуваат наизменично и другите парови од редицата.

Карактеристични биле два начина на провлекување. Првиот начин бил кога редицата стои во место, паровите се свртени лице во лице, а девојките се провлекуваат и застануваат однапред. Во овој случај провлекувањето било праволиниско. И вториот начин било кружно провлекување, кога паровите од редицата се свртени странично и бавно се движеле напред, па така заедно со девојките кои се провлекувале, ја придвижувале цела редица. Во најголем број случаи редицата кружела, односно ја обиколувала селската црква три пати. Динамиката на провлекувањето било условено од самата мелоритмика на песната која ја пееле сите девојки за цело време од играњето. Песната во однос на содржината на текстот ја имало во повеќе варијанти и од село во село била различна. Играта се завршувала откако девојките на овој начин ја изигрувале три пати, откако ќе ја обиколеле црквата. (Солунчев, 2004: 22–26)

Играта **„Вили Самовили"** е велигденска друштвена игра со која велигденскиот собор во Порече се затворал. Посветена била на невидливите духови – вили, кои народот ги сметал дека се со натприродна сила. Оваа игра имала обреден карактер. На овој начин со играта „Вили Самовили", народот сакал да ги умилостиви вилите, како преку годината би останале запазени од нивните штетни дејства, како луѓето, така и стоката и останатиот бериќет. (Кличкова, 1957: 48) Играта се изведувала на следниот начин. Девојките и помладите жени се распределувале во групи на четири страни. Групите броеле најмалку четири жени, или пак по десетина од секоја страна. Последниот број сведочи за масовноста на играта во минатато и вклучувањето на сите

жени (девојки) во неа. Жените од секоја група се држеле помеѓу себе така што рацете им се вкрстувале одзади половината. Откако ќе се распределе четирите групи на четирите страни, тие започнувале да се вкрстуваат во форма на синхронизирано движење. Вкрстувањето се одвивало по редослед со тоа што, прво се вкрстувале првите две спротивни групи (тие што биле горе и долу), а потоа групите што се наоѓале десно и лево.

Кога започнувало вкрстувањето, започнувало и пеењето на обредната песна. Песната се пеела бавно (типично за обредното пеење) и со својата мелоритмика го наложувала движењето на групите да било достоинствено и многу сериозно. Се пеело со преземање, првите стихови ги пееле првата група некаде до местото на разминувањето, од каде наредните стихови ги преземала втората група. Откако тие ќе се разменеле и ќе ги сменеле местата, горните долу, а долните горе, започнувало движењето на преостанатите групи од десно и лево. Разминувањето, пеењето и преземањето на песната, вторите групи го извршувале на идентичен начин. Овој начин на наизменично вкрстување на четирите групи се повторувало во истиот ритам и траело сè додека траела и самата обредна песна, со чие исполнување завршувала и самата игра. Во сите села, песната забележувала содржинска и структурна воедначеност. (Солунчев, 2004: 134–135) Кога станува збор за игрите околу празнувањето на Велигден, кои игри кога точно се изведувале, доаѓаме до многу различни информации. Самите теренски истражувања од различни автори и во различен период ни наведуваат дека игрите се изведувале, но во различни денови.

**3.Автори кои пишуваат за велигденските игри од етничкиот предел Порече**

Авторот Даница Јанковиќ, во периодот на 1938 година, ги опишува велигденските игри *Излагајте кметови, Калин број, Малим број, Змија, Маски и Вили Самовили* и се опишани кои во кој ден се изведувани. Како интересен податок кој го добиваме од авторот е тоа што, група на празнични игри во Порече ги споредува со празничните игри во Косово и мијачкиот крај. Извесната сличност на игрите, како сличноста на одделни мелодии е нивната архаична обоеност (икање) при пеењето, со тоа што покажуваат дека потеклото на традиционалните игри од овие области е заедничко и многу старо. Освен тоа поречките празнични игри имаат врска со празничните игри од Кичево, како и од некои други места и краеви во нашата земја. Дури постојат слични примероци на традиционални игри и кај други словенски народи. Поради сето тоа самите по себе велигденските празнични игри од Порече се необично интересни. (Јанковић , 1938: 24)

Како еден од постарите теренски материјали, би го издвоил материјалот на авторот Вера Кличкова, која во периодот од 1947 година и 1952 година ни ги набројува и опишува велигденските игри. Со оглед на тоа дека авторот како за информатори ги има повозрасните жени од 50 до 70-годишна возраст, сметам дека, според нејзините информации кои датираат од крајот на XIX век и почетокот на XX век, ни дава точно време и точен ден, кога, кои игри се изведувале.

Авторот Солунчев, во неговите теренски истражувања во периодот на 2004 година ги пронаоѓа истите игри како и Кличкова, но редоследот на игрите и деновите се измешани. Бидејќи истражувањата на двата автори се во различни периоди, доаѓаме до заклучок дека, на теренот, некои од населението се сеќаваат на велигденските игри, но им исчезнуваат од меморија кои игри на кои денови се изведувале.

Додека пак, во моите теренски истражувања во периодот на 2012 година, наидов само на неколку игри кои се изведувале и кои ги запомниле од минатото. Информаторите не даваат никаков опис на игрите, освен за играта *Грнчиња* која останала во нивното сеќавање како една од највеселите игри за време на празнувањето на Велигден.

**Заклучок**

Поречаните, освен за Велигден, за никој друг празник од овој дел од годината не практувале јавни прослави и собори. Особено за Велигден доаѓале до израз сите јавни церемонии: маскираните поворки и игри и обредните ора и песни кои се играле во сите три дена. Токму во овие велигденски собори видливо е колективното религиозно дејствување во контекст на целокупната основа и нејзината стимулација. Сето ова наведува да се даде заклучок дека Велигден е особено значаен празник за Поречаните. Велигден е свето време

околу кое се сконцентрирани сите религиозни дејности и верувања. Велигден за Поречаните е гранично време, кое го одвојува периодот на човековата активност, (изразени преку системот на зароци и адети – поврзани со земјоделските подготвителни работи) од периодот кога Поречаните чекаат и „оставаат“ вишите сили и мртвите предци да си го направат своето, во однос на бериќетот, но и во однос на обредите и настаните од животнит циклус.

Исто така мора да се напомене дека велигденските празнични игри се играле најмногу на последниот – трет ден Велигден, со малку случаи за нивното играње и на вториот ден Велигден. Нивниот почеток бил непосредно по соборските песни и ора, а поточно попладне кога денот одел надолу. Фактички тие претставувале еден вид на „завршни“ (адети) игри, со кои велигденското празнување завршувало.

Велигденските празнични игри, заедно со придружните прослави, во многу места се одвивале околу црквата и црковниот двор, во кои скоро секогаш се наоѓале и селските гробишта. Просторот каде што се наоѓала црквата, бил најважниот простор во селото, центар на духовната компактност и според верувањето, простор преку кои заедницата најлесно воспоставувала врска со божеството и суштествата од „оној свет“. Со оглед на тоа дека, етничкиот предел Порече е планински предел и тешко достапен, кој нема меѓусебен допир со соседните предели, (како што би било на пример заемното посетување на собори, на кои народот би можел да го гледа начинот на играње, обликот и типовите на игри и обичаи) мора да се истакне дека во Порече старите народни празнични игри се добро сочувани. Порече, кој во своето мачно пробивање низ историјата имал многу тешки моменти, за време на туѓи управувања се одликува со извонредна виталност, необична национална свест и спремноста за поднесување најголеми жртви кога е во прашање српското име. Залажувајќи се, да го одбранат тоа Поречаните успеале до ден денес да го сочуваат духовното наследство од своите српски предци кое некогаш претставувало суштина на многу нивни потези.

**Користена литература:**


1. Јанковић, Д. (1938). Празничне игре у Поречу у Јужној Србији, *Гласник етнографског музеја у Београду,* књига XIII Београд.
2. Кличкова, В. (1957). *Велигденски обичаи во Порече,* Изданија на музејско-конзерв. друштво на НР Македонија, Скопје.
3. Обрембски, Ј. (2001). *Фолклорни и етнографски материјали од Порече,* книга I, редакција Танас Вражиновски, Матица македонска, Скопје.
4. Пенушлиски, К. (2012). *Историја на македонскиот фолклор,* Матица македонска, Скопје.
5. Солунчев, В. (2004). *Велигденски празнични игри во Порече,* дипломска работа одбранета на УКИМ – Скопје, ПМФ, Институт за географија, Завод за етнологија, Скопје. (во ракопис)


**Информатори:**

Трајкоска Ѕвезда, родена 1936 година од село Ковче
Стојаноска Савица, родена во 1936 година од село Лупште